Јавно комунално претпријатие
ПАЗАРИ
Бр. 01-222/2
17.12 2022 год
ПРИЛЕП

**ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

**„ПАЗАРИ“ – ПРИЛЕП**

**УЛ.МЕТОДИЈА ШАТОРОВ ШАРЛО БР.57**

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН
# ЗА 2023 ГОДИНА

Прилеп, Декември 2022

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА ЈКП ПАЗАРИ ПРИЛЕП ЗА 2023 ГОДИНА**

Согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за комунални дејности изготвен е Финансиски план за 2023 година при што како појдовна основа земени се остварените финансиски показатели за период од 01.01.2022 - 30.11.2022 година при што за одредени позиции користена е и методата на искуствено проценување.

Структурата и обемот на приходите и расходите презентирани се во табеларните прегледи кои се составен дел на овој финансиски план. Процентот на учество на секој од приходите или расходите е прикажан во однос со вкупните приходи или расходи соодветно.

## 1. ПРИХОДИ

| Опис | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|
| | Остварено (во денари) | Структура (во %) | Планирано (во денари) | Структура (во %) |
| Приходи од пазарни услуги | 7.600.000 | 46,50% | 8.300.000 | 43,41% |
| Приходи од закупнина | 4.500.000 | 27,53% | 4.800.000 | 25,10% |
| Приходи од субвенции | 4.200.000 | 25,70% | 6.000.000 | 31,38% |
| Приходи од камати | 45.000 | 0,28% | 20.000 | 0,10% |
| Вкупни приходи | 16.345.000 | 100% | 19.120.000 | 100% |

Од прикажаното во табелите може да се констатира следното:

1) Приходите од пазарни услуги учествуваат со 43,41% во вкупните приходи во 2022 година. Приходите од пазарни услуги се еден од основните извори на приходи и имаат најголемо учество во вкупната структура на приходи.
2) Приходите од закупнина учествуваат со 25,10% во вкупните приходи во 2022 година.
3) Приходите од субвенции учествуваат со 31,38% во вкупните приходи во 2022 година.
4) Приходите од камати во вкупниот приход учествуваат со 0,10%

Од прикажаниот табеларен преглед може да се забележи дека планот за 2023 година значително се разликува од оствареното за 2022 година и тоа пред се во поглед на износот на планираните субвенции од страна на локалната самоуправа, се со цел поинтензивно работење во областа на тековното одржување и модернизација на работните услови во пазарот. Притисокот на економската криза и постојаното зголемување на буквално сите трошоци на работењето на претпријатието, без притоа да се изврши корекција на цената на услугите кои ЈКП Пазари ги дава на корисниците може да го доведе во прашање нормалното функционирање и опстојувањето на нашето претпријатие.

Компатибилните политики на поддршка и надополнување на основачот - Локалната самоуправа на општина Прилеп, во голема мера ќе придонесе да се премине оваа економска и енергетска криза и да се обезбеди опстанок на ЈКП Пазари Прилеп.

## 2. РАСХОДИ

Планираните расходи за 2023 година изнесуваат 17.689.000 денари и се зголемени поради очекувано зголемување на режиските трошоци за 2023 година.

| Опис | 2022 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|
| | Остварено (во денари) | Структура (во %) | Планирано (во денари) | Структура (во %) |
| Канцелариски материјали | 18.000 | 0,11% | 30.000 | 0,16% |
| Потрошен материјал за чистење и одржување | 50.000 | 0,32% | 60.000 | 0,32% |
| Заштитна облека и обувки | 60.000 | 0,38% | 80.000 | 0,42% |
| Потрошени резервни делови | 25.000 | 0,16% | 100.000 | 0,53% |
| Трошоци за бруто плата | 9.800.000 | 62,45% | 10.300.000 | 54,52% |
| Трошоци за бруто плати за привремени вработувања | 20.000 | 0,13% | 330.000 | 1,75% |
| Дневници за службено патување во земјата и странство | 11.000 | 0,07% | 60.000 | 0,32% |
| Трошоци за превоз за службено патување | 20.000 | 0,13% | 20.000 | 0,11% |
| Останати трошоци за службено патување | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| Регрес за годишен одмор | 664.000 | 4,23% | 770.000 | 4,08% |
| Надомест на вработените | 494.000 | 3,15% | 770.000 | 4,08% |
| Отпремнина за одење во пензија | 0 | 0,00% | 210.000 | 1,11% |
| Трошоци за електрична енергија | 440.000 | 2,80% | 600.000 | 3,18% |
| Трошоци за гориво | 40.000 | 0,25% | 80.000 | 0,42% |
| Трошоци за телефон | 110.000 | 0,70% | 120.000 | 0,64% |
| Трошоци за интелектуални услуги и проектна документација | 83.000 | 0,53% | 200.000 | 1,06% |
| Трошоци за тековно одржување | 108.000 | 0,69% | 400.000 | 2,12% |
| Трошоци за агенција за вработување | 0 | 0,00% | 20.000 | 0,11% |
| Услуги за обезбедување на имот | 61.000 | 0,39% | 60.000 | 0,32% |
| Комунални услуги | 190.000 | 1,21% | 340.000 | 1,80% |
| Трошоци за вода | 40.000 | 0,25% | 50.000 | 0,26% |
| Реклама и пропаганда преку печатени и електронски медиуми и огласи | 1.500 | 0,01% | 20.000 | 0,11% |
| Регистрација на патничко возило | 15.000 | 0,10% | 20.000 | 0,11% |
| Трошоци за здравствени прегледи | 18.000 | 0,11% | 0 | 0,00% |
| Стручно образование и семинари | 0 | 0,00% | 30.000 | 0,16% |
| Надомест на членови на УО и НО | 52.000 | 0,33% | 80.000 | 0,42% |
| Трошоци за донации | 0 | 0,00% | 30.000 | 0,16% |
| Трошоци за репрезентација | 75.000 | 0,48% | 100.000 | 0,53% |
| Премии за осигурување | 100.000 | 0,64% | 100.000 | 0,53% |
| Трошоци за платен промет | 31.000 | 0,20% | 40.000 | 0,21% |
| Трошоци за стручни списанија и литература | 6.000 | 0,04% | 12.000 | 0,06% |
| Трошоци од отпишани побарувања | 0 | 0,00% | 30.000 | 0,16% |
| Трошоци од минати години | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| Останати услуги | 0 | 0,00% | 20.000 | 0,11% |
| Данок на имот | 0 | 0,00% | 70.000 | 0,37% |
| Членарина за стопанска комора | 12.000 | 0,08% | 12.000 | 0,06% |
| Трошоци за судски такси и решенија | 0 | 0,00% | 10.000 | 0,05% |
| Расходи од минати години | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Останати оперативни расходи | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| Амортизација | 1.100.000 | 7,01% | 1.200.000 | 6,35% |
| Отпис на земјиште | 0 | 0,00% | 0 | 0,00% |
| Данок на додадена вредност | 1.883.000 | 12,00% | 2.358.000 | 12,48% |
| Данок на добивка | 166.000 | 1,06% | 160.000 | 0,85% |
| ВКУПНО РАСХОДИ | 15.693.500 | 100% | 18.892.000 | 100% |

## 3. РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО

Според наведените податоци, може да се каже дека планираните резултати од работењето за 2023 година изнесуваат:

| Опис | 2022 | 2023 |
|---|---|---|
| | Остварено (во денари) | Планирано (во денари) |
| Вкупни приходи | 16.345.000 | 19.120.000 |
| Вкупни трошоци | 15.693.500 | 18.892.000 |
| Финансиски резултат | 651.500 | 228.000 |

Според прикажаната динамика на приходите и расходите прикажана во горенаведената табела може да се види дека во 2023 година трошоците за вработените, претставуваат најголеми трошоци во структурата на вкупните трошоци со учество од 56,38%. Притоа не смее а да се занемари данокот на додадена вредност што ЈКП Пазари го исплаќа кон државата и кој планираме да изнесува 12,48% од вкупните расходи. Кај останатите групи на трошоци имаме незначително намалување или зголемување.

## 4. ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА

Гледајќи го планираниот резултат може да се види дека планот е во рамките на економските услови во кои стопанисува ЈКП Пазари и претежно се однесува на обезбедување на средства на извршување на тековните работи што е недоволно за некои посериозни инвестиции. Сепак, се надеваме со помош на субвенциите од локалната самоуправа и со помош на други фондови за развој да се исполнат потребните неопходни инвестиции:

1. Тековно одржување на градскиот Пазар
2. Изработка на техничка документација за водоводна и канализациона мрежа
3. Реконструкција на водоводна и канализациона мрежа
4. Модернизација и замена на дотраени тезги
5. Санација на оштетувањата на кровната конструкција на зелениот дел од пазарот.
6. Санација на оштетувањата на системот за одвод на атмосферска вода (олуци) на зелениот дел од пазарот
7. Отстранување на остатоците од мрсната боја на бетонските тезги во зелениот дел од пазарот и нивно пребојадисување
8. Санирање на оштетувањата и чистење на плафоните од ПВЦ ламперија над тезгите

9. Промена на корозираните ребровани лимови од пазарот за сирење
10. Реновирање на просторијата на наплатувачите и помошниот технички персонал
11. Промена на оштетениот лимен кров и кровната конструкција на дел од дуќаните во пазарот
12. Санација на деловен објект на КП број 14719/7
13. Санација и техничко опремување на јавниот тоалет во пазарот
14. Проширување на влезот на пазарот од страната на новата катна гаража, со промена на оградата од фиксна во подвижна

Разгледувајќи го финансискиот резултат за 2022 година како и планираниот за 2023 година карактеристично е тоа што битна ставка на приходи во двата извештаи се субвенциите без кои ЈКП Пазари очигледно ќе се доведе во ситуација да не може да ја остварува основната дејност.

Прилеп, декември 2022 година

Директор,

Игорче Крстески

Јавно комунално претпријатие ПАЗАРИ Прилеп